**Паоло Куело**

Бразилскиот автор е роден 1947 година, во Рио Де Жанеиро. Пред да го посвети  целосно својот живот на литературата, работел како режисер и актер во театар, автор е на текстови на песни и новинар. Неговиот роман „Алхемичарот“, објавен во 1988 година, стана еден од најпродаваните бразилски книги на сите времиња. Потоа има издадено голем број многу продавани книги. Има продадено повеќе од 100 милиони книги. Неговата работа е преведена на 67 јазици. Во 1999 година француската Влада го награди со една од најпрестижните титули „Chevalier de L’Order national de la Leqion d’honneur“. Од септември 2007 год. авторот е, исто така, Курир на мирот на Обединетите нации.

**Приказната за моливот**

Малото момче го гледаше својот дедо како пишува писмо. Во еден момент праша:

„Дали пишуваш приказна за тоа што ни се случи нам? И случајно да не е приказна за мене?“

Дедото престана да пишува, се насмевна и му рече на својот внук:

„Пишувам за тебе, тоа е вистина. Но моливот којшто го употребувам е многу поважен од зборовите кои ги пишувам. Се надевам дека ќе бидеш таков кога ќе пораснеш“.

Момчето го погледна моливот со љубопитност, но не забележа ништо посебно на него.

„Но е ист како и сите други моливи коишто некогаш сум ги видел во мојот живот!“

„Сè зависи од тоа како ги гледаш работите. Постојат пет квалитети во него кои доколку успееш да ги задржиш во себе, ќе те направат човек секогаш во мир во светот“.

Првиот квалитет – можеш да направиш големи работи, но не смееш никогаш да заборавиш дека постои рака која ги води нашите чекори. Таа рака ја нарекуваме Господ и Тој мора секогаш да ги води во согласност со неговата волја.

Вториот квалитет – од време на време мора да застанам  со пишување и да употребам острилка. Моливот трпи малку поради ова, но на крајот станува поостар. Па учи како да поднесуваш некои болки, зашто тие ќе те направат подобра личност.

Третиот квалитет – со моливот секогаш можеш да употребиш гума за да го избришеш тоа што е погрешно. Разбери дека поправањето на нешто што сме го направиле, не значи дека секогаш е лошо, туку е нешто важно што не држи на патеката на правдата.

Четврт квалитет – тоа што навистина е значајно за моливот не е дрвото или неговата надворешна форма, туку предноста којашто е во него. Затоа секогаш води сметка за тоа што е внатре во тебе.

На крајот, петтиот квалитет на моливот – секогаш остава трага. На ист начин знај дека сè што правиш во животот ќе остави трага и затоа обиди се да бидеш свесен за секоја постапка.